42032

ВЕЧЕР, СКОПЈЕ, 12.09.1995, 9971, 10.



**ПО ОДЛУКАТА НА МУЗЕЈОТ НА СОВРЕМЕНАТА УМЕТНОСТ ДА ГО УКИНЕ „БИЕНАЛЕТО НА МЛАДИТЕ“**

# ОТСТРАНУВАЊЕ НА СТАРИТЕ РАМКИ

**● ОПАЃАЊЕТО НА КВАЛИТЕТОТ, СЛАБАТА ПРОДУКЦИЈА И БЕСПЕРСПЕКТИВНОСТА НА МАНИФЕСТАЦИЈАТА СЕ НАВЕДУВААТ КАКО ГЛАВНИ ПРИЧИНИ ЗА УКИНУВАЊЕТО НА БИЕНАЛЕТО. – ПРЕТСТОЈАТ РАСПРАВИ ЗА НОВА, ИНТЕРНАЦИОНАЛНА ЛИКОВНА ИЗЛОЖБА**

**Со одлука на организаторот, Музејот на современата уметност од Скопје, се укинува постоењето на ликовната манифестација „Биенале на младите“. Инаку, идниов месец беше редовниот термин за одржување на неговото петто продолжение. Новата изложба, за која се размислува, треба да ги избегне слабостите поради кои е укинато Биеналето.**

Како главни причини за ваквиот потег на Музејот се наведуваат: опаѓањето на квалитетот, слабата продукција и незаинтересираноста на самите автори за вакви проекти.

**„Нискиот квалитет на понудените дела, неможноста да ја видиме перспективата на Биеналето, како и фактот дека од двегодишната продукција не може да се направи квалитетна манифестација, беа решавачки во донесувањето на одлуката за укинување на Биеналето на младите. Одлуката беше донесена и по консултациите со ликовните критичари и уметници – вели директорот на МСУ, Зоран Петровски. Уште во каталогот за претходната изложба беше напишано дека „одзивот за 4. Биенале на млади е под очекуваното ниво“.**



КАКВА ЗАМЕНА ЗА БИЕНАЛЕТО? – МУЗЕЈОТ НА СОВРЕМЕНАТА УМЕТНОСТ – СКОПЈЕ

„Биеналето на младите“ датира од 1987 година, како квалитетно ново продолжение на манифестацијата „Млада генерација“, што се одржуваше во интервал од пет години. На него можеа да конкурираат автори до 35 годишна возраст, а делата беа селектирани и оценувани од посебни комисии. Почетниот ентузијазам и замислената, но не и конкретизирана цел, по четири изданија на Биеналето, исчезнаа. Изложбата немаше одредена тема (концепт), се изгубија критериумите за селекција и жирирање, а со тоа и заинтересираноста на авторите. Само „општиот преглед на рецентното творештво меѓу две Биеналиња“, се чини, не беше доволно цврста подлога и мотив за неговото натамошно одржување. останува отворено прашањето дали Музејот, овие евидентни слабости, можеше да ги коригира во рамките на самата манифестација (таков обид немаше).

**Моментно, во тек се размислувањата за нова ликовна изложба од сличен вид, што не мора да значи замена на претходната. Според зборовите на Петровски, таа би била интернационална, а би ги одбегнала пропустите направени во Биеналето. Меѓутоа, за нејзиниот конечен „изглед“ допрва ќе се разговара со сите заинтересирани и компетентни автори од оваа област. Инаку, во почетокот на идниов месец ќе биде отворена изложба на дела од 24 автори од Македонија. Изложбата не треба да се сфати како замена за Бienaтело, туку како самостоен проект на Зоран Петровски во кој ќе биде презентирано актуелното творештво на авторите што сам ги избира (оттаму и работниот наслов „девет и пол“ – творештво од половината на деветтата деценија).**

З. Лозановски